Согласно член 455 и член 456 од Законот за трговските друштва, и член 35 од Статутот на друштвото, Собранието на Аутомакедонија АД Скопје на седницата од 31.05.2021 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Член 1

Се одобрува зголемување на задолженоста на Аутомакедонија АД Скопје – Голема зделка на износ од 5.300.000,00 еур во денарска противвредност. Се одобрува склучување на Договор за рамковен револвинг кредит лимит со НЛБ Банка на износ од 1.000.000 еур (користење на кредити за обртни средства и гаранции) со потпишување нотаризирана меница акцептирана од Аутомакедонија АД.

Член 2

Договорот за Рамковен револвинг кредит лимит со НЛБ Банка се предложува да се потпише со рочност од 3 години

Член 3

Обезбедувањата на побарувањата и висината на задолжувањата ќе бидат утврдени со одлуки од страна на надлежен орган на друштвото.

Одлуката стапува на сила на денот на донесувањето

**Одлука бр.** 02-2170/1-12/ **31.05.2021**

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
СОБРАНИЕ
Претседавач,

Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје**

Врз основа на чл.35 од Статутот на **Друштво за внатрешна и надворешни промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје** со седиште на ул.16-та Македонска Бригада бр.2, Скопје, Гази Баба со ЕМБС 4058097, Собранието за акционери на ден 31.05.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1.Се одобрува задолжување на **Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје** со седиште на ул.16-та Македонска Бригада бр.2, Скопје, Гази Баба со ЕМБС 4058097 спрема доверителот НЛБ Банка АД Скопје по основ на Договор за одобрување на рамковен револвинг на износ од 1.000.000,00 ЕУР.

2. Се дава согласност за издавање и акцептирање на 2(две) меници од **Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје** со седиште на ул.16-та Македонска Бригада бр.2, Скопје, Гази Баба со ЕМБС 4058097 при што правата и обврските на потписниците ќе бидат уредени со менична изјава(договор) за уредување на права и обврски по мениците, во форма на нотарски акт во својство на извршна исправа пред надлежен нотар, а мениците ќе претставуваат средство за плаќање и обезбедување на вкупните тековни и идни обврски по основ на Договорот за одобрување на рамковен револвинг лимит од точка 1 од оваа одлука, поединечните договори кои ќе се склучат врз основа на истиот како и нивните анекси кои ќе бидат склучени помеѓу **Друштво АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје и НЛБ Банка АД Скопје.**

3. Се овластува Генералниот Директор Игор Илиевски на друштвото да ја потпише целокупната договорна документација и тоа: Договор за одобрување на рамковен револвинг лимит на износ од 1.000.000,00 ЕУР, мениците и Нотарскиот акт за мениците од точка 2 од оваа Одлука, конкретните договори кои ќе се склучат врз основа на цитираниот договор, нивните анекси и останатата документација во врска со наведените договори како пред Банката така и пред Нотар.

4. Со донесување на оваа Одлука, се потврдува дека се исполнети условите за полноважно одлучување и донесување на одлуки согласно важечките акти за основање на Друштвото, дека други дополнителни согласности од други органи и лица на Друштвото не се потребни и дека не постојат правни или било какви други пречки за спроведување на оваа Одлука пред надлежните институции.

5. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесување.

**АУТОМАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ**
**Собрание на акционери**
**Претседавач**

Друштво за внатрешен и надворешен промет АУТОМАКЕДОНИЈА АД Скопје